Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Drejtësisë**

Сектор за општи работи

Sektori për çështje të përgjithshme

УПП-19-1988/2026

УПП Бр. / UPP Nr. 09-

Скопје/Shkup, ____.____.2026

04-09-2026

Почитувани,

Во врска со вашите прашања во однос на ново именуваните нотари на кои од страна на Министерот за правда на ден 26.08.2026 година им беа врачени повелби Ве известуваме за следното:

1. Вкупниот број на ново именувани нотари изнесува седум (7). Именувањата се извршени по два конкурси и тоа :

- 50-ти („Службен весник на Република Северна Македонија"бр.245/24), а именувани се три (3) нотари,
-51-ви („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.57/26), а именувани се четири (4) нотари.

2. Во однос на прашањето за етничката/националната припадност на новоименуваните нотари, Ве известуваме дека при постапката за именување на нотари не се утврдува, ниту се води официјална евиденција за етничката припадност на кандидатите како услов или критериум за именување.

Именувањето се врши врз основа на исполнување на законски пропишаните услови и спроведена постапка согласно Законот за нотаријатот.

Të nderuar,

Në lidhje me pyetjet tuaja në raport me noterët e sapoemëruar, të cilëve nga ana e Ministrit të Drejtësisë, më 26.08.2026, iu dorëzuan Certifikatat e emërimit, Ju njoftojmë si vijon:

1. Numri i përgjithshëm i noterëve të sapoemëruar është shtatë (7). Emërimet janë bërë në bazë të dy konkurseve, si vijon:

- Konkursi i 50-të („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 245/24), në bazë të të cilit janë emëruar tre (3) noterë;
- Konkursi i 51-të („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 57/26), në bazë të të cilit janë emëruar katër (4) noterë.

2. Në lidhje me pyetjen për përkatësinë etnike/kombëtare të noterëve të sapoemëruar, Ju njoftojmë se gjatë procedurës për emërimin e noterëve nuk përcaktohet dhe as nuk mbahet evidencë zyrtare për përkatësinë etnike të kandidatëve si kusht apo kriter për emërim.

Emërimi bëhet në bazë të përmbushjes së kushteve të përcaktuara me ligj dhe të procedurës së realizuar në përputhje me Ligjin për noterinë.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ministria e Drejtësisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
Rr. "Dimitrie Çupovski" nr. 9, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

Во оваа насока, согласно член 9 од Уставот на Република Северна Македонија, граѓаните имаат еднакви слободи и права независно, меѓу другото, од нивното национално потекло, а согласно член 18 се гарантираат сигурноста и тајноста на личните податоци.

Имајќи ги предвид уставните начела на еднаквост и заштита на личните податоци, Министерството при постапката за именување не врши утврдување или рангирање на кандидатите според нивната етничка припадност.

Në këtë drejtim, në përputhje me nenin 9 të Kushtetutës së Republikës së Maqedonisë së Veriut, qytetarëve u garantohen liritë dhe të drejtat e barabarta, ndër të tjera, pavarësisht prejardhjes së tyre kombëtare, ndërsa në përputhje me nenin 18 garantohet siguria dhe fshehtësia e të dhënave personale.

Duke pasur parasysh parimet kushtetuese të barazisë dhe mbrojtjes së të dhënave personale, Ministria gjatë procedurës së emërimit nuk bën përcaktimin apo renditjen e kandidatëve sipas përkatësisë së tyre etnike.

3.Сите нотари се именувани за подрачјето на основните судови на градот Скопје. Согласно одредбите од член 13 од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016 и 233/2018) не постои именување на нотари според општини, туку нотарите се именуваат за подрачјето на секој основен суд. Согласно став (5) од истиот член „Бројот и распоредот на службените седишта и службените подрачја за кои се именуваат нотарите ги пропишува министерот за правда врз основа на претходна согласност од Владата на Република Македонија.

3. Të gjithë noterët janë emëruar për rajonin e gjykatave themelore të Qytetit të Shkupit. Në përputhje me dispozitat e nenit 13 të Ligjit për noterinë („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ nr. 72/2016 dhe 233/2018), nuk ekziston emërimi i noterëve sipas komunave, por noterët emërohen për rajonin/territorin e çdo gjykate themelore.

Në përputhje me paragrafin (5) të të njëjtit nen: „Numrin dhe shpërndarjen e selive zyrtare dhe rajoneve zyrtare për të cilat emërohen noterët e përcakton Ministri i Drejtësisë, në bazë të pëlqimit paraprak të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë.“


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ministria e Drejtësisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
Rr. "Dimitrie Çupovski" nr. 9, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

Согласно Правилникот за распоредот на службените седишта и службените подрачја објавен во („Службен весник на Република Македонија" бр. 226/16) за подрачјето на основите судови на градот Скопје вкупниот број на нотарски места изнесува 69.
Притоа пополнети се 65 места, а остануваат неисполнети 4 нотарски места заради заминување на нотарите во пензија во периодот од распишување на последниот конкурс до извршеното именување.

Në përputhje me Rregulloren për shpërndarjen e selive zyrtare dhe rajoneve zyrtare, të publikuar në („Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë" nr. 226/16), për territorin e gjykatave themelore të Qytetit të Shkupit, numri i përgjithshëm i vendeve noteriale është 69.
Prej tyre, 65 vende janë plotësuar, ndërsa kanë mbetur të paplotësuara 4 vende noteriale, për shkak të daljes në pension të noterëve në periudhën nga shpallja e konkursit të fundit deri në momentin e kryerjes së emërimeve.

4. Именувањето на нотарите не се врши според етничка припадност, ниту постои законски критериум според кој бројот или распоредот на нотарите се определува врз основа на етничката припадност на кандидатите.

4. Emërimi i noterëve nuk bëhet sipas përkatësisë etnike dhe nuk ekziston kriter ligjor sipas të cilit numri apo shpërndarja e noterëve përcaktohet në bazë të përkatësisë etnike të kandidatëve.

Согласно Уставот на Република Северна Македонија, темелна вредност на уставниот поредок е владеењето на правото, како и слободното изразување на националната припадност. Оттука, Министерството постапува во рамките на своите законски надлежности, применувајќи ги еднакво условите утврдени со Законот за нотаријатот за сите кандидати, без нивното именување да го условува со припадност кон одредена етничка или национална заедница.

Në përputhje me Kushtetutën e Republikës së Maqedonisë së Veriut, vlerë themelore e rendit kushtetues është sundimi i së drejtës, si dhe shprehja e lirë e përkatësisë kombëtare. Prandaj, Ministria vepron në kuadër të kompetencave të saj ligjore, duke zbatuar në mënyrë të barabartë kushtet e përcaktuara me Ligjin për noterinë për të gjithë kandidatët, pa e kushtëzuar emërimin e tyre me përkatësinë në një bashkësi të caktuar etnike ose kombëtare.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ministria e Drejtësisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
Rr. "Dimitrie Çupovski" nr. 9, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

Воедно, имајќи предвид дека етничката припадност претставува лична определба на граѓанинот и дека не претставува услов за именување на нотар утврден со Законот за нотаријатот, Министерството не располага со основ за нејзино утврдување, обработка или презентирање како критериум во постапката за именување.

5. Во однос на прашањето дали во постапката за именување на нотари е направена анализа на правичната и соодветна застапеност на заедниците, Ве известуваме дека таква анализа не е изготвена ниту постои таква законска обврска. Во оваа насока Ве известуваме дека согласно член 11 од Законот за нотаријатот именувањето на нотари се врши врз основа на распишан Конкурс за именување на нотари кој го распишува Министерството, а се објавува во Службен весник на Република Северна Македонија и во два дневни весници од кои по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Gjithashtu, duke pasur parasysh se përkatësia etnike përfaqëson përcaktim personal të qytetarit dhe se nuk përbën kusht për emërimin e noterit të përcaktuar me Ligjin për noterinë, Ministria nuk disponon me bazë për përcaktimin, përpunimin apo paraqitjen e saj si kriter në procedurën e emërimit.

5. Në lidhje me pyetjen nëse gjatë procedurës për emërimin e noterëve është bërë analizë e përfaqësimit të drejtë dhe adekuat të bashkësive, Ju njoftojmë se një analizë e tillë nuk është përgatitur dhe as nuk ekziston detyrim i tillë ligjor. Në këtë drejtim, Ju njoftojmë se, në përputhje me nenin 11 të Ligjit për noterinë, emërimi i noterëve bëhet në bazë të Konkursit të shpallur për emërimin e noterëve, të cilin e shpall Ministria dhe i cili publikohet në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe në dy gazeta ditore, prej të cilave njëra nga gazetat që botohet në gjuhën maqedonase dhe njëra nga gazetat që botohet në gjuhën që e flasin së paku 20% e qytetarëve që flasin gjuhë zyrtare të ndryshme nga gjuha maqedonase.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ministria e Drejtësisë e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. "Dimitrie Çupovski" nr. 9, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Конкурсот за именување нотари го спроведува Нотарската Комора која за таа цел формира комисија составена од пет член од кои два члена од Комората, еден член од Судскиот совет на РСМ, еден член од Академијата за судии и јавни обвинители, и еден Универзитетски професор од правните факултети акредитирани во Република Северна Македонија, применувајќи го начелото на соодветна и правична застапеност. Пријавите со прилозите со кои се докажува дека се исполнети условите за именување на нотар се поднесуваат писмено до Комората, а по истекот на рокот од 15 дена од објавувањето на Конкурсот во Службен весник на РМ, Комората го доставува до Министерството Извештајот со примените пријави, со свое мислење.

Konkursin për emërimin e noterëve e realizon Oda e Noterëve, e cila për këtë qëllim formon komision të përbërë nga pesë anëtarë, prej të cilëve dy anëtarë nga Oda, një anëtar nga Këshilli Gjyqësor i RMV-së, një anëtar nga Akademia për Gjykatës dhe Prokurorë Publikë dhe një profesor universitar nga fakultetet juridike të akredituara në Republikën e Maqedonisë së Veriut, duke zbatuar parimin e përfaqësimit adekuat dhe të drejtë. Aplikimet, së bashku me dokumentacionin me të cilin dëshmohet përmbushja e kushteve për emërimin e noterit, dorëzohen me shkrim në Odë, ndërsa pas skadimit të afatit prej 15 ditësh nga publikimi i Konkursit në Gazetën Zyrtare të RMV-së, Oda ia dorëzon Ministrisë Raportin me aplikimet e pranuara, së bashku me mendimin e saj.

Нотарите по 50-иот и 51-виот Конкурс се именувани со решение на Министерството, од редот на пријавените кандидати кои во целост ги исполниле условите за именување на нотар, утврдени во членот 10 од Законот за нотаријатот.

Во оваа прилика Ве известуваме дека на 50-иот Конкурс за именување нотари за подрачјето на Основните судови на градот Скопје, со уредна документација биле пријавени 23 кандидати за нотар .

Noterët në bazë të Konkursit të 50-të dhe të 51-të janë emëruar me aktvendim të Ministrisë, nga radhët e kandidatëve të paraqitur të cilët në tërësi i kanë përmbushur kushtet për emërimin e noterit, të përcaktuara në nenin 10 të Ligjit për noterinë.

Me këtë rast Ju njoftojmë se në Konkursin e 50-të për emërimin e noterëve për rajonin e gjykatave themelore të qytetit të Shkupit, me dokumentacion të rregullt janë paraqitur 23 kandidatë për noter.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ministria e Drejtësisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
Rr. "Dimitrie Çupovski" nr. 9, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

На 51-иот Конкурс за именување нотари за подрачјето на Основните судови на градот Скопје, со уредна документација биле пријавени 39 кандидати.

6. Во однос на прашањето за објава на целосната листа на именуваните нотари од страна на Министерството, во насока на јавност и транспарентност, Ве известуваме дека на 50 -иот Конкурс за именување на нотари на подрачјето на основните судови на градот Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија“бр.245/24) се именувани 3 лица.

На 51-иот Конкурс за именување на нотари на подрачјето на основните судови на градот Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија“бр.57/26) именувани се 4 лица.

Ја користиме оваа прилика да Ве известиме дека согласно одредбите од Законот на нотаријатот не постои законска обврска за објавување на донесените решенија за именување на нотари. Притоа во законот е предвидена правна заштита на неименуваните кандидати со тоа што според член 11 ставови (8) и (9) од Законот за нотаријатот е пропишано дека на кандидатите кои нема да бидат именувани за нотар, во рок од 15

Në Konkursin e 51-të për emërimin e noterëve për rajonin e gjykatave themelore të qytetit të Shkupit, me dokumentacion të rregullt janë paraqitur 39 kandidatë.

6. Në lidhje me pyetjen për publikimin e listës së plotë të noterëve të emëruar nga ana e Ministrisë, me qëllim të informimit të publikut dhe transparencës, Ju njoftojmë se në Konkursin e 50-të për emërimin e noterëve në rajonin e gjykatave themelore të Qytetit të Shkupit („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut“ nr. 245/24), janë emëruar 3 persona.

Në Konkursin e 51-të për emërimin e noterëve në rajonin e gjykatave themelore të Qytetit të Shkupit („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut“ nr. 57/26) janë emëruar 4 persona.

Shfrytëzojmë këtë rast t'ju njoftojmë se, në përputhje me dispozitat e Ligjit për noterinë, nuk ekziston detyrim ligjor për publikimin e aktvendimeve të miratuara për emërimin e noterëve. Ndërkaq, në ligj parashihet mbrojtje juridike për kandidatët që nuk janë emëruar, në atë mënyrë që, sipas nenit 11 paragrafi (8) dhe (9) të Ligjit për noterinë, kandidatëve të cilët nuk do të emërohen noterë, brenda 15 ditësh nga dita e emërimit të noterëve u dorëzohet njoftim me shkrim,


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ministria e Drejtësisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
Rr. "Dimitrie Çupovski" nr. 9, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

дена од денот на именувањето на нотарите им се доставува писмено известување со копија од решението за именување.

së bashku me kopje të aktvendimit për emërim.

Против решението за именување на нотар, неименуваниот кандидат може да поведе управен спор пред надлежен суд.

Kundër aktvendimit për emërimin e noterit, kandidati i paemëruar mund të iniciojë kontest administrativ para gjykatës kompetente.

Со почит,/Me respekt,

**МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА / MINISTËR I DREJTËSISË**
**д-р Јетон Шасивари / Dr. Jeton Shasivari**

Подготвил/Përgatiti: Марија Илиевска, Раководител на Одделение за нормативна дејност во граѓанска материја/Marija Ilievska, Udhëheqës i Njësisë për veprimtari normative në materien civile
Контролирал/Kontrolloi: Јулијана Лефковска, Раководител на сектор за општи работи
Julijana Lefkovska, Udhëheqëse e Sektorit për çështje të përgjithshme
Превел/Përktheu: Фазиле А. Зеќири/Fazile A. Zeqiri